**20140240883**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 11 став (3) од Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија” број 113/07), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СОБИРАЊЕ, ПРЕВЕЗУВАЊЕ И ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ КАТЕГОРИИ НА НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на собирање, превезување и идентификување на посебните категории на нуспроизводи од животинско потекло.

Член 2

(1) Одредбите од овој правилник не се однесуваат на нуспроизводи од Категорија 3 материјали - помии.

(2) Собирањето, превезувањето и идентификување на Категорија 3 материјали – помиите кои се генерираат при вршење на меѓународниот транспорт се одвива согласно прописите за заштита на животната средина без да го загрози здравјето на луѓето и без да нанесе штета на животната средина.

Член 3

(1) Правните и физичките лица кои при вршењето на дејноста создаваат нуспроизводи од животинско потекло, ги преземаат следните активности:

1) Категорија 1 материјалите, Категорија 2 материјалите и Категорија 3 материјалите се идентификуваат и се чуваат одвоено на начин кој овозможува нивно идентификување во текот на собирањето и превезувањето; и

2) преработените производи од категориите од точка 1) од овој став се идентификуваат и се чуваат одделно на начин кој овозможува да се идентификуваат при транспортот.

(2) Во текот на превезувањето на возилото, кутијата, контејнерот, картонот или на друга форма на пакување, се закачува декларација со која јасно се назначува:

1) категоријата на нуспроизводите од животинско потекло, или, во случај на преработени производи, категоријата на нуспроизводи од животинско потекло од кои преработените производи се добиени;

2) во случај на Категоријата 3 материјали, се наведуваат зборовите „не е за исхрана на луѓето“;

3) во случај на Категорија 2 материјали, со исклучок на ѓубриво, содржината од дигестивен тракт и преработените производи добиени од нив, се наведуваат зборовите „не е за исхрана на животни“. Во случај кога Категорија 2 материјали е наменета за исхрана на животни во согласност со Законот за нуспроизводи од животинско потекло и прописите од областа на исхрана на животни, се наведуваат зборовите „за исхрана на ... "

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 142/2011 од 25 февруари 2011 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1069/2009 на Европскиот парламент и на Советот за утврдување на здравствените правила во однос на нуспроизводи од животинско потекло и нивни деривати кои не се наменети за исхрана на луѓето и спроведување на Директивата 97/78/ЕЗ на Советот во однос на одредени примероци и предмети кои се ослободени од контрола на ветеринарно инспекциско место на граничен премин според истата Директива, број 32011R0142.

со наведување на називот на одредениот вид на животни за чие хранење тој материјал е наменет;

4) во случај на Категорија 1 материјали и преработените производи добиени од нив, се наведуваат зборовите „само за нештетно отстранување“ и

5) во случај на ѓубриво и содржина на дигестивниот тракт, се наведува зборот „ѓубриво“.

Член 4

(1) Нуспроизводите од животинско потекло и преработените производи од нив се собираат и превезуваат во запечатени нови пакувања, или во покриени непропусни контејнери или возила.

(2) Возилата, контејнерите и орудијата кои се употребуваат повеќекратно, како и сите делови на опремата и орудијата за повеќекратна употреба, а кои доаѓаат во контакт со нуспроизводите од животинско потекло или преработените производи од нив, освен преработените производи кои се складираат, транспортираат и ставаат во промет согласно Законот за безбедност на храната за животни, треба:

1) да се чистат, перат и дезинфицираат по секоја употреба;

2) да се одржуваат во чиста состојба и

3) пред натовар да се чисти и суви.

(3) Контејнерите за повеќекратна употреба треба да се наменети и да се користат само за одредени производи, за да се избегне вкрстена контаминацијата, по претходно одобрување на официјалниот ветеринар за :

1) превоз на различни нуспроизводи од животинско потекло и нивните деривати, по претходно чистење и дезинфекција помеѓу транспортот на различни нуспроизводи од животинско потекло

2) превоз на нуспроизводи од животинско потекло и нивните деривати од точката 3.6 од Листата на категоризирани нуспроизводи од животинско потекло, по претходно нивно користење за превоз на производи наменети за човечка исхрана, под услови да се спречува вкрстена контаминација.

(4) Материјалите за пакување треба да се согорат или на друг начин нештетно да се отстранат во согласност со упатствата на официјалнот ветеринар.

Член 5

(1) Превезувањето на нуспроизводите од месо и месни производи наменети за производство на материјал за храна на животните или храна за домашни миленици, освен доколку не се наменети за исхрана на крзнени животни со рециклирни нуспроизводи од истите видови животни, треба да се одвива на температура соодветна заради избегнување на ризик по здравјето на животните и на луѓето.

(2) Непреработените Категорија 3 материјали наменети за производство на материјали за храна на животните или храна за домашни миленици треба да се транспортираат во разладена или замрзната состојба, освен доколку:

1) се преработени во рок од 24 часа по собирањето или по завршувањето на скалдирањето во разладена или замрзната состојба доколку превезувањето се врши во превозно средства во кои се одржува температурата на која се складираат; и

2) за млеко, производи на база на млеко или производи добиени од млеко произведени во согласност со Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи доколку ризиците неможат да се намалат со друга мерка, превозот се врши во разладена состојба во изолирани контејнери.

(3) Превозните средства треба да обезбедат одржување на соодветна температура во текот на целиот транспорт и можност истата да се следи.

Член 6

Со влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на собирање, превезување и идентификување на посебните категории на нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" број 21/09).

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.02-5282/5
6 декември 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.